РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-784/13
23-06-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по доставена пријава преку електронска пошта од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 33-та седница одржана на ден 11.06.2026 година донесе:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-784/1 од 16.02.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-784/1 од 16.02.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-784/1 од 2026 година е оформен по доставена пријава преку електронска пошта од непознат подносител, во која е наведено дека постојат сомнежи дека одредени сегашни и поранешни декани и продекани на Универзитетот ____________ не ја исполниле законската обврска за поднесување на анкетен лист за имотна состоја, односно Изјава за имотна состојба и интереси.

ДКСК се обрати до ________________________ со барање да ги достави актите за именување и разрешување на деканите на сите факултети при Универзитетот.
По добиеното известување и документација со копии од Одлуките за потврда на одлуката за избор на декани на факултетите и извршениот увид во својата евиденција, ДКСК констатираше дека лицата:

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

- ________________, по именувањето на функцијата декан на Факултетот за ______________________________ не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата,
- ________________, по именувањето на функцијата декан на ______________________________ не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата и
- ________________, по именувањето на функцијата декан на Факултетот ______________________________ не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата,

Истите постапиле спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочни платни налози и истите уредно ги достави до сторителите на прекршокот кои во рок од осум дена од денот на приемот на налозите го платиле износот на глобата за прекршокот и доставиле доказ за извршената уплата.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: А.А.Т., советник
Согласен: К.З, раководител на сектор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk